ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ

Соопштение на Државниот завод за статистика на Република Македонија број 4.1.22.95 од 21.10.2022 година.

Просечно исплатена месечна нето-плата во денари во РМ изнесува:

- **31.871,00 денари- месец август 2022 година**
- **28.718,00 денари- за месец јануари - декември 2021 година**
- **31.851,00 денари- за месец јуни - август 2022 година (просечно исплатена нето-плата во претходните три месеца)**

Напомена: Просечната месечна исплатена нето плата и просечната исплатена нето плата во претходните три месеца се користат при пресметка на поодделни надоместоци и тоа:

- **пресметување на трошоците за исхрана за време на работа, доколку работодавачот исхраната ја организира на свој трошок;**
- **дневници за службени патувања во земјата,**
- **отпремнина при заминување во пензија,**
- **за одвоен живот**
- **регрес за годишен одмор, доколку е утврден со соодветен акт - Одлука**

Соопштение на Државниот завод за статистика на Република Македонија број 4.1.22.96 од 21.10.2022 година

Просечно исплатената месечна бруто-плата во денари во РМ изнесува:

- **47.691,00 денари- месец август 2022 година,**
- **42.887,00 денари- за месец јануари - декември 2021 година,**
- **47.638,00 денари- за месец јуни - август 2022 година (просечно исплатена бруто-плата во претходните три месеца)**

Најниска основица за пресметување и плаќање на придонесите изнесува:

43.509,00 x 50% = 21.755,00 денари[1]

Највисока месечна основица за пресметување и плаќање на придонесите за примањата од работен однос од еден обврзник изнесува:

43.509,00 x 16 = 696.144,00 денари[2]

Највисока месечна основица за пресметување и плаќање на придонесите за примања на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, ... управител на трговско друштво изнесува:

43.509,00 x 16 = 696.144,00 денари[3]

Највисока месечна основица за пресметување и плаќање на придонесите за примања за самовработено лице изнесува:

43.509,00 x 12 = 522.108,00 денари[4]

---

[1] Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 64/09)

[2] Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 171/17)

[3] Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 171/17)

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година изнесува:

81,6 денари[5] за период од 01.01 до 31.12.2022 година

Вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2022 година изнесува:

81,6 денари[6] за период од 01.01 до 31.12.2022 година

Вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2022 година изнесува:

81,6 денари[7] за период од 01.01 до 31.12.2022 година

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2022 година изнесува:

81,6 денари[8] за период од 01.01 до 31.12.2022 година

Вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2022 година изнесува:

81,6 денари[9] за период од 01.01 до 31.12.2022 година

Максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2022 година изнесува:

81,6 денари[10] за период од 01.01 до 31.12.2022 година

Вредноста на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2022 година изнесува:

81,6 денари[11] за период од 01.01 до 31.12.2022 година

---

[4] Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 171/17)

[5] Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 293/21)

[6] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 292/21)

[7] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 292/21)

[8] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 30/22)

[9] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 292/21)

[10] Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 56/22)

Најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност изнесува:

14.090,00 денари[12]

Даночното намалување при годишно пресметување на данокот на доход за 2022 година изнесува:

105.456,00 денари[13]

Даночното намалување при месечно пресметување на данокот на доход за 2022 година изнесува:

105.456,00 : 12 = 8.788,00[14] **денари**

Висина на стапките на придонесите од задолжително социјално осигурување – кои ќе се применуваат со исплатата на платата за месец јануари 2022 година:

Бруто плата за 2022 година	
Вид на придонес	**Стапка на придонес**
Задолжително пензиско и инвалидско осигурување	**18,8%**
Задолжително здравствено осигурување	**7,5%**
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување	**0,5%**
Задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност	**1,2%**
Вкупно	**28%**

Во контекст на навремено информирање и известување на нашите корисници Ве известуваме дека од страна на Управата за јавни приходи објавени се повеќе информации кои можете да ги преземете од следните линкови:

- http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/885
- http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/889
- http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/890

---

[11] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 60/22)

[12] Спогодба за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност („Службен весник на РСМ“ бр. 302/21);

[13] Член 10 став 4 од Закон за данокот на личен доход („Службен весник на РМ“ бр. 241/18, Автентично толкување „Службен весник на РСМ“ бр. 84/19, 275/19, 290/20, 85/21);

[14] Објава за износот на даночното намалување за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 303/21)

Патни и дневни трошоци на корисниците на средства на буџетите, буџетските корисници и единките корисници

Со одредбите на член 17 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 287/21) е пропишана дневница за службено патување во земјата која се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со превозното средство и тоа:

- дневница во висина од 700,00 денари ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и
- дневница во висина од 350,00 денари ако службеното патување траело од 8 до 12 часа

Со одредбите на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 287/21, 164/22) е пропишана дневница за службено патување во земјата за вработените во Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност и Управата за финансиска полиција се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со превозното средство и тоа:

- дневница во висина од 2.000 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и
- дневница во висина од 1.000 денари, ако службеното патување траело од 8 до 12 часа.

Доколку на вработениот за време на службеното патување во земјата му е обезбедено сместување и исхрана, на вработениот му припаѓа 20% од дневницата утврдена во ставот 1 на овој член.